**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Број: 09-258/2
19.02.2024 година
Тетово

## ООУ „ Сами Фрашери“с.Пирок-Боговиње

| | |
|---|---|
| Конечен извештај од извршена интегрална евалуација | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | 14-16.11.2023 |
| **Број на извештај:** | 05/Полошки/2023 |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Џелал Беџети |
| **Вид на училиштето:** | Основно училиште |
| **Основач на училиштето:** | Општината |
| **Наставен јазик:** | Албански јазик |
| **Број на ученици:** | 344 |
| **Полова структура на ученици:** | 177 машки и 167 женски |
| **Број на наставници:** | 35 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Либрим Абдија |
| **Директор на училиштето:** | Бесим Бесими |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 19-21.02.2018 |
| **Адреса на училиштето:** | с.Пирок-Боговиње |
| **Телефон:** | 044/371-292 |
| **Факс:** | 044/371-292 |
| **e-mail:** | Samifrasheri.pirok@gmail.com |
| **оценка од интегрална евалуација** | 3,08 Добар |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Службен весник на РМ“ број 52/2005; 81/2008; 148/2009; 57/2010; 51/2011; 24/2013; 137/2013; 164/2013; 41/2014; 33/2015; 145/2015; 30/2016 и 64/2018 година) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Службен весник на РМ“ број 86/2006 година)

# Резиме

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за просветна инспекција деновите 14,15, и 16 ноември 2023 година, тим од тројца државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во работата на ООУ ,,Сами Фрашери“с.Пирок,општина Боговиње.За време на тридневниот надзор тимот на државни просветни инспектори ги спроведе сите планирани активности предвидени со Прирачникот за вршење на интегрална евалуација. Посетени се поголем дел од наставните часови , се одржаа планираните состаноци со директорот на училиштето, стручните соработници , стручните органи и тела ,се водеа разговори со фокус групи на ученици,со наставниците со стручни активи.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во ООУ”Сами Фрашери“с.Пирок,општина Боговиње, е добра 3,08.

Воспитно образовната работа ООУ”Сами Фрашери“с.Пирок,се реализира според наставни планови и програми за основното образование.Наставата се реализира на албански наставен јазик.Учебната 2023/2024 год. во прво,второ,четврто,пето и шесто одделение настава се реализира според новата концепција. Училиштето секоја учебна година изготвува брошура која им се доставува на учениците и родителите со цел на запознавање со наставниот план односно списокот на задолжителните и изборни предмети кои се изучуваат во училиштето.

При избор на изборни предмети се почитува постапката,барањата и интересот на учениците. Училиштето има изготвено Програма за мултиетничка интеграција во образованието. Слободните ученички активности во училиштето ги задоволуваат потребите и интересите на учениците а се планираат од наставници кои се задолжени според наставниот план и Годишната програма за работа. Има примери за учество и постигнати добри резултати на училишни,во општински, регионални и државни натпревари

Од показателите за постигањата на учениците општиот успех постигањјата во изминатите три години е континуирано многу добар. Општиот успех на постигањата на учениците, во изминатите три учебни години е следен: Средниот успех на учениците во учебната 2020/2021 година изнесува 3.90, во учебната 2021/2022 година изнесува 3.95 а во 2022/2023 година изнесува 4,09 од што се забележува дека во претходните три учебни години на успехот на учениците се забележува благо зголемува, односно се забелжуава промена во постигањата на учениците.Училиштето промовира уверување дека постигањата на учениците може да се подобрат, и повремено презема конкретни активности во таа насока што се забележува и од самиот извештај и податоците во него. Во претходните три учебни години односно учебната 2020/2021, 2021/2022 и 2022/2023 година сите ученици имаат примерно поведение.

Реализацијата на наставата е добра,со исклучок на реализацијата на наставата по предметот физичко и здравствено образование и воспитание од причили што училиштето нема фискултурна сала.За реализација на овој премет е адаптирана една просторија која се користи кога временските услови не дозволуват истата да се реализира во спортските терени.

Сите наставници на почетокот на наставната година изготвиле глобални,тематски процесни планирања и истите ги доставиле до директорот и стручната служба.

Најголем број наставници во редовната настава обезбедуваат подршка за учениците кои имаат тешкотии во учењето,како и на надарените ученици, избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби.Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите наставни предмети за кои учениците

пројавуваат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и значителни резултати во определени области. Во училиштето има двајца ученици со посебни образовни потреби за кои се обезбедени образовни асистенти.

Сценаријата на наставен час даваат општи насоки што се очекува учениците да научат.Кај помал број наставници,во сценаријата на наставен час се сретнуваат елементи кои не одговараат на планираните активности или планираните форми а методите и техники се еднообразни за повеќе типови на час.

Училиштето има изготвено распоред на часови според просторните капацитети и кадровските можности.Во склоп на распоредот на часови планирани се и останатите активности на додатна,дополнителна настава како и слободните ученички активности и други активности.Во наставниот процес,поголем број од наставниците користат разновидни форми и методи кои секогаш соодветстуваат на потребите на учениците.Мал број наставници главно користат исти приоди за сите ученици што не придонесува за развивање на индивидалните способности за учење на секој ученик,критичкото мислење,креативноста,преземање на одговорност и решавање проблеми. Кај најголем број наставници,интеракција наставник-ученик е добра,добра е и интеракцијата ученик-ученик.Примена на ИКТ во наставата е добра.Училиштето е обезбедено со голем број на проектори.Во 18 училници се поставени статични проектори во 5 училници поставени се сматр табли.Училиштето нема интерна процедура за следење на наставниот процес од страна на директорот и стручниот соработник. Како потешкотија во реализацијата на наставата се наведува дека поголемиот дел од учебниците се оштетени од причина што истите се користат повеќе години и дека одрденини учебници во училиштето се доставуваат со големо задоцнување.

Оценувањето се врши врз основа на стандарди и критериуми за оценување изготвени по секој наставен предмет со кои учениците и родителите се запознаени.Поголем број наставници ги вклучуваат учениците во оценувањето.

Еко проектите се реализираат континуирано според планираните активности и динамика а вклученоста на учениците е голема. Училишниот простор и околината на училиштето се безбедни.Училиштето има обезбедено соодветен наставен кадар по сите наставни предмети.

Севкупната грижа за учениците и хигиената во училиштето е добра.Училиштето има план за постапување при елементарни непогоди.Училиштето води добра политика и превзема активности за нетрпение и ненасилство.Се реализираат активности за информирање на учениците за можностите за понатамошно образование, односно определбата за нивната идна професија. Училишниот одбор работи во полн состав,транспарентно за заинтересираните структури во училиштето,со обезбеден кворум за работа и донесување на одлуки. Училишниот одбор има програмата и деловникот за работа.

Соработката на училиштето со локалната заедница е добра во рамки на законските обврски и тоа во поглед на подобрување на инфраструктурата на училишнтето,зафат на градежни работи,усвојување на годишниот извештај и донесување на годишната програма за работа на училиштето истотака соработката се реализира преку организираните приредби, манифестации и други активности. Училишниот одбор,директорот ,имаат сериозен приод кон задачите што произлегуваат од Годишната програма за работа и другите придружни документи.Директорот работи на идентификација на состојбите на кои највеќе им треба подобрување, има идеја за тоа што е најдобро за училиштето,покажува доволно ниво на енергија за отстранување на сите недостатоци секогаш е спремен за соработка се со цел подигнување на квалитетот на наставата. Училиштето работи согласно Законот за основно образование и Годишната програма за работа за учебната 2023/2024 год.Годишната програма за работа е предложена од страна на училишниот одбор,заведена под бр.0102-201/2 од 15.08.2023 год,доставена до основачот општина Боговиње,истата е усвоена.

Училиштето има Статут за кој е добиен согласност од Министерството за образование и наука-Скопје, од 12.06.2020 год. Училиштето има изготвено самоевалуацијабр.0103-25/3 од 14.09.2023год и Програма за развој бр.0201-413 од 09.11.2021 год

Училиштето има регистрирано спортски клуб под име „Минир Исаку„Решение 08-2753/2 од 04.12.2018 год.

## Карактеристики на училиштето

Основното училиште „Сами Фрашери“-с.Пирок,е лоцирано на периферијата на селото.

Дејноста на училиштето е основно образование,верифицирано со Решение бр.16-6983/2 од 1985 год.на Советот на општина Тетово,со опфат на ученици од 06 до 15 годишна возраст,односно,опфат на учениците од село Пирок.

Училиштето е основано со Одлука на Наеродниот совет на Тетовската Околија со Решение бр.06-111777/1 од 25.12.1965 год.

Училиштето е запишано во централен регистар 1-122-0-0-0 од 12.01.1974 год.

Учебната 2023/2024 год.воспитно-образовниот процес се реализира согласно Законот за основно образование ,Годишната програма за работа и Календарот за организација и работа на основните училишта во учебната 2023/2024 год.

Дејноста се реализира во сопствен училишен објект.Училишниот објект е во добра сосотојба.Просторните услови за реализација на наставата се во добра состојба и истата добро се одржува.Последните години во делот на инфрастуктурата се преземени големи градежни работи,асфалтиран е училишниот двор уреден е паркинг просторот и други училишни простории,во се постапки за реализаација и на други проекти.

Вкупниот училишен простори во кој се реализира наставата и другите наставни активности ги задоволува условите според нормативот за училишен простор освен условите за реализација на наставата по предметот физичко и здравствено образование бидејќи нема фискултутна сала,има адаптирана просторија за реализација на наставата по физичко и здравствено образование и воспитание,како и уредени спортски терени.

Ова учебна година 2023/2024 год од прво до девето оделение настава следат 380 ученицици распоредени во 24 паралелки од 201 ученици во одделенска настава и 179 ученици во предмеетната настава.

Наставата се реализира во 14 училници,3 кабинети.во училиштето има и просторија за библиотека 3 работилници и 4 други протории,

Учебната 2023/2024 год.наставта го реализираат 35 наставници од кои 31 наставник се со статус на неопределено работо време и 4 наставници се со статус на определено работно време.

Училишниот двороv е ограден и хортикултурно уреден .

Училишните објект е обезбеден со нафта,струја,вода и еден вид канализација.

Сите ученици што ја заврпуваат основното образование се запишуваат во задолжителното средно образование.

# 1.НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1 Реализацијата на наставните планови и програми

Во ООУ „ Саим Фрашери " с.Пирок општина Боговиње, се применува наставниот план за деветгодишно основно образовани и наставните програми изготвени од Биро за развој на образование и донесени од Министерство за образование и наука.Реализацијата на наставните планови и програми е добра. Истите се реализирани во пропишаниот обем. Во училиштето, наставните предмети математика, природни науки, хемија, биологија и физика се реализира настава по Кембриџ програма, адаптирана од Биро за развој на образованието, и од прво до шесто одделение реализираат настава по новата Концепција за основно образование.

Наставниците своите глобални,тематски планирања и сценариата за наставен час за соодветните предмети ги изготвуваат врз основа на наставниот план и наставните програми. Раководниот тим на училиштето во својата архива има наставни планови и програми за одделенска и за предметна настава. Во поголемиот дел од планирањата на наставниците застапена е родова и етничка рамноправност, инклузивноста и унапредувањето на процесот на сензитивност за меѓуетничка интеграција и интеркултурализам.

Училиштето има воспоставено процедури да ги информира родителите, учениците и другите училишни органи,за целите и содржините на наставните планови и програми што се реализираат. Информирањето се спроведува на почетокот на учебната година на првата родителска средба, преку изготвување на брошура и преку веб страната на училиштето.

Во училиштето има двајца ученици со посебни образовни потреби за кои се обезбедени образовни асистенти.

Директорот на училиштето формирал Училишен инклузивен тим со одлука број 02-243/1 од 23.08.2021 година и инклузивен тим за ученикот со посебни образовни потреби како и програма за работа 020239/2 од 01.09 2023 год. За инклузираните ученици се изработува ИОП според Концепцијата за инклузија и решенијата од МКФ.

Во училиштето се реализираат и изборни предмети, и при изборот на наставни предмети се почитуваат потребите и барањата на учениците. Во училиштето има воспоставено јасна процедура за избор на изборни наставни предмети.

Училиштето нуди можност преку прашалници каде се понудени неколку изборни предмети, учениците да изберат предмет кој сакаат да го изучуваат, од прво до трето ,одделение слободните изборни предмети се во форма на слободни активности кои ги води наставникот во договор со учениците а во четврто, петто и шесто одделение тие се избираат во согласност со упатство за слободни изборни предмети во основно образование а во согласност со Концепцијата за основно образование.

Стручните активи од сродните предмети соработуваат и работаат по изготвени програми, особено активите од одделенска настава. Соработката е интензивна при изготвување на глобалните и тематските планирања, односно при изработка на планирањата за реализација на наставната програма, неделните планирања и сценаријата за наставните часови.

Во годишната програма на училиштето, но и во планирањата на наставниците интегрирани се и карактеристики на локалната средина и застапени се содржини од граѓански интерес односно одбележување на значајни датуми од историјата, прослави на значајни празници, личности или места на општината, како и организирање на акции од различен карактер и слично.

## 1.2 Квалитет на наставните планови и програми

Наставниците изработуваат годишни и тематски планирања според наставните програми, насоките за планирање и организација на наставата и Годишната програма за работа на училиштето. Кај поголем дел од наставниците планирањата според квалитетот се на задоволително ниво. Во училиштето не постојат примери за прибирање и разгледување мислења за наставните планови и програми и учебниците. Истотака не постојата примери за прибирање и разгледува мислења за наставните планови и програми и учебниците од аспект на родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност.

Стручните активи од сродните предмети соработуваат и работаат по изготвени програми, особено активите од одделенска настава кои планираат и реализираат настава по новата Концепција за основно образование.Соработката е интензивна при изготвување на глобалните и тематските планирања, односно при изработка на планирањата за реализација на наставната програма, неделните планирања и сценаријата за наставните часови. Во училиштето има десет стручни активи и тоа: стручен актив на наставници од одделенска настава ( поединечно секоја генерација по еден актив) ,Стручен актив на јазични предмети, стручен актив на природни предмети, стручен актив математика-физика, стручен актив на општествени предмети и стручен актив на вештини.

Во рамки на Годишната програма за работа на училиштето, како и во рамки на годишните и тематските планирања на наставниците постојат примери на планирани активности кои имаат за цел негување на мултикутурализмот и унапредување на интеркултурализмот.

Училиштето прави напори за реализација и подобрување на квалитетот на наставата. За таа цел наставниците следат обуки за стручно усовршување. Потребите на наставниците за нивно стручно оспособување се прибираат од страна на училишниот педагог, а реализираните обуки се евидентираат во педагошки картони на наставниците.

Училиштето води грижа за постигнување на општите и посебните цели од наставните планови и програми.

Училиштето на состаноците на формалните органи, повремено дискутира за применуваните наставни планови и програми . Во училиштето е дискутирано за потребата од измена и дополнување на наставниот план и програмите, но нема покренато писмена иницијатива за нивно изменување, дополнување или иновирање.

## 1.3 Вонаставни активности

Училиштето нуди разновидни вонаставни активности кои ги одразуваат потребите и интересите на учениците и кои влијаат врз нивниот личен и социјален развој. Во училиштето се планираат и се реализираат голем број вонаставни ученички активности, за стекнување знаења, развивање вештини, креативност, меѓуетничка интеграција и афирмација на постигањата на учениците. Во овие активности учениците членуваат по свој слободен избор и при вклучување на учениците во активностите постои родова, етничка и социјална рамноправност.

Секој наставник кој реализира во ннаставни активности има соодветна програма за работа. Слободните активности се застапени во голема мера преку секциите во училиштето кои се поделнени на три групи и тоа спортски секции,технички секции и културно уметнички секции.

Училиштето за афирмирање на вонаставните активности учествува на манифестации, настапи и обезбедува промоција на активностите за меѓуетничка интеграција .Учениците учествувајќи во слободните ученички активности,како и учество на најразлични манифестации,конкурси, натпревари и други вонаставни активности, се афирмираат самите себе, и го афирмираат училиштето. Во последните три учебни години училиштето одржувало натпревари помеѓу учениците во училиштето, но

учествувале и на на натпревари од различни области што се организираат локално и државно ниво.

Училиштето планира и реализира ученички екскурзии кои најчесто имаат спортски и рекреативен и научен карактер. Во планирањето и подготовката на ученичките екскурзии активно се вклучени и родителите но во последните две години тие не се реализирани.

# 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

## *2.1. Постигања на учениците*

Училиштето располага со податоци и анализи за постигањата на учениците по сите наставни предмети, за сите класификациони периоди по пол, и паралелки. Училиштето има изготвено полугодишен и годишен извештај во кој има показатели за постигнувањата на учениците.

Средниот успех на учениците во учебната 2020/2021 година изнесува 3.90, во учебната 2021/2022 година изнесува 3.95 а во 2022/2023 година изнесува 4,09 од што се забележува дека во претходните три учебни години на успехот на учениците се забележува благо зголемува, односно се забелжуава промена во постигањата на учениците. Училиштето промовира уверување дека постигањата на учениците може да се подобрат, и повремено презема конкретни активности во таа насока што се забележува и од самиот извештај и податоците во него .

Во претходните три учебни години односно учебната 2020/2021, 2021/2022 и 2022/2023 година сите ученици имаат примерно поведение.

Поголемиот дел од наставниците им даваат подршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развојот, избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби. Само мал дел наставници планираат и реализираат дифренцирани цели. Во текот на учебната година, училиштето реализира дополнителна настава за ученици кои имаат потешкотии во учењето,според потребите на учениците. Во училиштето се реализира и додатна настава за ученици кои покажуваат интерес и постигнуваат значителни резултати во одделни области, а најчесто пред одржување на натпревари. Во училиштето има два ученика со посебни образовни потреби инклузиран во редовната настава за кои се обезбедини два асистента и еден ученик со потешкотии во учењето. Учениците со посебни образовани потреби се со мислење и категоризација од соодветна институција и истите се оценуваат согласно изготвените индивидуални образовни планови.

Училиштето ги следи постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус, и повремено се прават анализи на истите.

Училиштето поседува информација за тоа каде го продолжуваат своето образование учениците кои завршиле основно образование.

Училиштето има интерен акт/правилник за избор на ученик на генерација, а за учениците на генерација од училиштето најчесто добиваат дипломи, пофалници и слично

## 2.2. Задржување/осипување на учениците

Постои утврдена реонизација донесена од Советот на Општина Боговиње, за запишување на учениците во основните училишта на територијата на општината. При уписот на деца во прво одделение се почитува утврдената реонизација. Согласно со законската регулатива, училиштето има формирано Комисија за запишување на деца во прво одделение, Комисија за запишување на деца во прво одделение со надминатаа возраса граница, доставува покани до родители, врши посети на семејства и остварува соработка со локалната заедница.

Во учебната 2020/2021 година, вкупниот број на запишани ученици изнесува 375 ученици распоредени во 24 паралелки, во учебната 2021/2022 година вкупниот број на запишани ученици изнесува 363 ученици, во учебната 2022/2023 година вкупниот број на запишани ученици изнесува 364, и во учебната 2023/2024 година запишани се вкупно 344 ученици.

Училиштето ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата. Од анализите во училиштето во однос на изостаноците на учениците во последните две учебни години се забележува тенденција на зголемување на

неоправданите изостаноците. Во учебната 2021/2022 година вкупниот број на изостаноци е 758 односно 737 оправдани и 21 неоправдани изостаноци ,во учебната 2022/2023 година вкупниот број на изостаноци е 4322 односно 4117 оправдани и 205 неоправдани изостаноци.

Училиштето има изготвено план за советување на родителите. Училиштето реализира мал број на советувањата на родителите и води документација. Советувањето на родителите го врши педагогот во училиштето, најчесто во групи составени од родители на ученици со исти или слични тешкотии, но биле реализирани и индивидуални советувања. Најчести причини за советување на родителите се: намален успех и несоодветно однесување. Во учебната 2020/2021 година не биле реализирани советувања, во учебната 2021/2022 година реализирани се 4 советувања на родители, додека пак во учебната 2022/2023 година се реализирани вкупно 3 советувања на родители. Според статистиките и анализите кои ги приложи училиштето може да се заклучи дека советувањата на родители и ученици даваат позитивни ефекти во однос на намалување на бројот на ученици со повеќе од една слаба оценка, но во однос на отсуствата на учениците од часови , бројот на советувањата е во мал процент .

Училиштето ја почитува постапката за премин на учениците од едно во друго училиште. Се следи осипувањето на учениците, за која училиштето поседува податоци. При преминот во друго училиште, ги доставува информациите за воспитно – образовниот развој на ученикот, а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема предвид при понатамошната образовна работа со ученикот. Во последните три учебни години вкупно 34 ученици се испишани од ова училиште, а по учебни години: во учебната 2020/2021 се испишале 7 ученици, во учебната 2021/2022 се испишале 16 ученици и во учебната 2022/2023 се испишале 11 ученици. Испишувањето, на учениците е поради промена на местото на живеење , поточно иселување во западно европските земји .

### 2.3. Повторување на учениците

Од увидот направен во училишната евиденција и документацијата, како и од увидот во извршените анализи за постигањата на учениците на крајот на последните три учебни години,нема ученик кои ја повторил годината, сите ученици ја завршуваат годината.

Во училиштето се идентификуват и се анализираат причините за учениците кои во првото полугодие имаат слаби оценки по некои наставни предмети, и повремено се преземаат активности за подобрување на успехот на крајот на учебната година.

Училиштето ги запознава учениците за правото за поднесување на приговор, доколку има незадоволсво од постигнатиот успех на крајот на учебната година.

# 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

## 3.1. Планирање на наставниците

Планирањата на наставниците глобалните,header тематско,процесните и планираните сценарија за наставен час се добри. На почетокот на учебната 2023/2024 година, сите наставници изготвиле и доставиле, годишни, глобални и тематски планирања. Планирањата на наставниците ги содржаат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот како и сценарио за успешна реализација на наставниот час. Планираните сценарија на наставниците се добри, од посетените наставни часови . Во дневните планирања и сценаријата ги дефинираат целите на наставата. Дневно оперативните планирања односно сценаријата за наставен час се усогласени со тематските планирања. Во дел од планирањата на наставниците има изработени критериуми за оценување и употреба на информатичко компјутерска технологија во настава.

Најголемиот број од наставници кои се задолжени да реализираат и други видови на настава дополнителна, додатна настава и други активности, имаат изготвено програма за истите и истата уредено се евидентира во е-дневникот. Директорот и стручниот соработник на училиштето ги следат но нема утврдена процедура за следење. При изготвувањето и изработка на планирањата, училиштето обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите од интеграното образование , еколошките содржини, Кембрич програмите, инклузивност како и новата концепчија која во ова учебна година се реализира од прво до шесто одделение. Разменувањата на искуства се темели пред се и преку работата на стручните активи и други тела во училиштето

Училиштето има изготвено распоред на часови според просторните капацитети и кадровските можности .Во склоп на распоредот на часови има и распоредот на останатите активности на додатна дополнителна настава како и слободните ученички активности и други активности. Поголем дел на наставниците во е-дневникот ги евидентирата дополнителната и додатната настава и другите активности. Другиот вид на настава и другите активности се реализираат со потешкотии поради преотовареност на наставниот план и програма и немање на просторни услови и фискултурна сала.

## 3.2. Наставен процес

Во ООУ„Сами Фрашери”,с.Пирок,наставата од прво до деветo одделение се изведува на албански наставен јазик.Во училиштето се изучуваат и изборни предмети согласно наставниот план.Од посетените наставни часови се констатира дека поголем број на наставниците користат разновидни наставни форми,методи и техники (работа во групи, предавања, индивидуална работа, практични активности, наставни ливчиња , самооценување). мал дел од наставниците реализираат традиционална т.е. класична настава. Наставата по математика, природни науки, хемија и физика се реализира според целите, ресурсите и насоките на Кембриџ програмата При реализација на наставата по сите наставни предмети наставниците планираат ИКТ и истата се реализира согласно планираното.

Во некои од учлниците се поставени статични проектори и.За реализација на наставата со ИКТ,училиштето обезбедило 18 каомјутери,4 лаптопи за наставниците,25 лаптоп за учениците со Едубундо програма.Во кабинетот по информатика поставени и мрежно поврзани 20 комјутери

Наставата по наставниот предмет Физичко и здравствено образование кога дозволуваат временските услови се реализира во уредените спорски терени.Училиштето

има адаптирана училница која се користи за реализација на наставата во зимски услови,опремена е со мал број на спортски реквизити.

Училиштето располга со определен број на наставни средства и помагала истите се користат за реализација на наставата. Во училиштето се користат одобрени учебници и дополнителна прирачна литература.

Како потешкотија во реализацијата на наставата се наведува дека поголемиот дел од учебниците се оштетени од причина што истите се користат повеќе години и дека одрденини учебници во училиштето се доставуваат со големо задоцнување.

Наставниот процес од страна на директорот и стручнот соработник се следи во континуитет и сите наставници се посетени на час.Интеракцијата во наставата е добра. Наставниците работат со учениците индивидуално во група или со цела паралелка методите и формите кои ги користат во поголемиот дел се соодветно избрани. Поголемиот дел од наставниците посетиле обука со цел, примена на ИКТ во наставата.

Училиштето има изготвено Програма за интеграција на еколошкото образование во образовниот систем.Во програмата се планирани активности според еко стандардите. Во годишната програма на училиштето се планирани еколошки содржини од еколошката програма.Влијанието на наставниците, родителите и социјалните партнери во интегрирањето на еколошката програмата во годишната програма за работа на училиштето е добра

### 3.3. Искуство на учениците од учењето

Средината за учење е добра.Учениците сметаат дека во училиштето има добра работна атмосфера.Трудовите на учениците се изложуваат се внимава на видливоста и пристапоста на местото каде се изложени Учениците сметаат дека понекогаш се учи на интересен начин и дека не секогаш е поврзано со практиката односно секојдневието.

Поголемдел од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат,да поставуваат прашања и да извлекуваат заклучоци за она што го учат.

Учениците сметаат дека,дел од наставниците понекогаш им даваат можност самостојно да размислуваат и да го кажаат своето мислење и преземаат одговорност. Голем број ученици сметаат дека им се овозможува да работат со сопствено темпо соодветно на нивниот стил за учење и самостојна работа.

### 3.4. Задоволување на потребите на учениците

Идентификувањето на образовните потреби на учениците во училиштете е добра. Потребите на учениците се идентификуваат од страна на одделенските раководители, стручните соработници како и останатите наставници, не секогаш се преземаат доволно активности за успешно реализирање на нивните потреби.

Поголем дел на наставниците користат различни ресурси и приоди за учење и предавање и организираат додатна и дополнителна настава. Од анкетата спроведена меѓу учениците поголемиот број од нив се изјаснија дека учествуваат во воннаставни активности и секции што ги организира училиштето. Не секогаш се изготвуваат задачи по тежински нивоа според образовните потреби на учениците,

Училиштето нема систем за идентификување нат алентирани и надарените ученици.Со мал број се работи индивидуално, најчесто пред одржување на натпревари и други оранизирани манифестаци, не се работи континуирано во текот на цела година

### 3.5. Оценувањето како дел од наставата

Оценувањето во ООУ„Сами Фрашери“с.Пирок, е добра.Училиштето ги применува позитивните законски прописи што го регулираат оценувањето на учениците од прво до трето, од четврто до шесто и од седмо до девето одделение. Учениците се запознаени со критериумите за оценување, а исто така се запоанаени и родителите. Дел од наставниците користат различни инструменти и методи за оценување и се врши континуирано оценување,редовно се прибираат информации за постигањето на учениците.Наставниците понекогаш со учениците го дискутираат нивниот напредок и постигањата, но не секогаш им даваат повратна информација. Не секогаш повратната информација ги содржи деталите за постигањата и за следните активности што треба да се преземат.

Помал дел од наставниците недоволно ги користат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и подобрат планирањето и спроведувањето на наставата.

Стручните соработници организираат работилници за сите актуелни прашања во училиштето на пример:како да се учи подобро,работилници во врска со домашните задачи и советувања на родителите чии деца покажуваат послаби резултати во учењето и поголем број на изостаноци.

### 3.6. Известување за напредокот на учениците

Известувањето за напредокот на учениците е добра.Од анкетата спроведена меѓу родителите најголемиот број од нив истакнаа дека наставниот кадар односно одделенскиот раководител редовно се информира и дека секогаш им ги кажува добрите страни за нивното дете и каде треба да се подобри.Известувањето на родителите за напредокот на нивните деца се прави преку родителски средби и на индивидуални средби.Најголем број од родителите истакнаа дека родителските средби се добро организирани и за време на нив се добиваат корисни информации.

Родителите се информирани како да комуницираат со училиштето во однос на напредокот на нивните деца,но не се потикнати да го прават тоа.

Родителите добиваат пишани извештаи со оценки на евидентнителистови.Од родителите се бара да дадат повратна информација по извештајот

## 4.ПОДРШКА/ПОМОШ НА УЧЕНИЦИТЕ

### 4.1 Севкупната грижа кон учениците

Училишниот простор во ООУ”Сами Фрашери” с.Пирок,е безбеден за одвивање на наставата. Училиштето има пропишано мерки и активности за безбедноста на учениците во училишните простории и училишниот двор. Инфраструктурата во училиштето е безбедна и не претставува опасност за повреди на учениците. За сите потенцијално опасни места во училиштето, што не може да се избегнат, учениците се запознаени за нивното присуство и во континуитет, од страна на наставниците се информираат за можните опасности. При несреќни случаи, во училиштето има 3 лица кои се обучени за давање прва помош на учениците. Училиштето има обезбедено 2 сандачиња за прва помош. Училиштето располага со, интернет мрежа и громобранска инсталација. Во училиштето има 1 хидранти и 4 ПП апарати и истите се сервисирани од овластена фирма и имаат важност до 2.11.2024 год. Училиштето нема осигурителни полиси за осигурување за објектот, полиси за осигурување за учениците и осигурителни полиси за

осигурување на вработените од ЕУРОЛИНК ОСИГУРУВАЊЕ А.Д Во училиштето постои дежурство од страна на наставниот кадар.Во училиѓтето има поставено видео надзор.За постапување при елементарни непогоди училиштето има интерен акт и упатство за постапување во такви ситуации и има план за евакуација, и има изведено симулации за постапување во случај на елементарна непогода или друг вид на непогоди. Училиштето има изготвено програма за спречување на насилството во училиштето.

Во училиштето има пишани документи односно има Куќен ред и Кодекс на однесување за сите структури во училиштето во кои се дефинирани сите облици на однесување, и истите се истакнати на соодветни места. Во училиштето се санкционира секаков облик на насилство манифестиран од било кого и училиштето има механизми за справување со таквите појави. Класните раководители имаат теми за работа со содржини за взаемно почитување, рамноправност и правата на децата. Проектите кои се спроведуваат во училиштето влијаат за подобрување на меѓусебната доверба, запознавање, дружење и развивање на демократските односи. Во училиштето има знаци за забрана на пушење и забраната се почитува. Училиштето нема училишна кујна, а учениците се хранат од околните објекти за исхрана, и но вработените немаат увид во квалитетот на храната што им се нуди на учениците од објекти што се во непосредна близина на училиштето. Во училиштето нема ученици од социјално загрозени семејства. Има случаеви каде се потребни дополнителни вложувања во наставните и вон наставните активности, и за нив се обезбедува финансиска поддршка од доброволни донации.

### 4.2 Здравје

Тоалетите во училиштето се наоѓаат надвор од училишниот објект.Во училиштето нема функционален тоалет за ученици со посебни потреби . Подот на училниците, скалите, ходниците и тоалетите за наставниците и учениците се чистат секој ден, по завршување на секоја смена, а мебелот, вратите и прозорците во училишниот простор генерално се чистат два пати во секое полугодие. Дворот во училиштето е чист од секаков вид отпадоци, редовно се одржува и хортикултурно и естетски е уреден. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци. На почетокот на учебната 2023/2024 година е извршена дезинфекција и дератизација на училишниот простор. Училиштето постапува по препораките и насоките на санитарната инспекција во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштитата од заразни болести. Во училиштето се извршени редовни систематски прегледи и вакцинација за учениците, а исто така во училиштето се вршат систематски прегледи на сите вработени. Последниот систематски преглед на вработените е извршен во ОНЕ ПОЛИКЛИНИК со Договор бр. 0307 -99/23 од 31.10.2023 година. Во училиштето се организираат предавања за заштита од заразни болести, како и превентива против можни хронични или други заболувања. Училиштето нема договорни процедури за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Согласно воспоставените Еко – стандарди, во училиштето спроведени се точки на акција со содржини за здравјето на учениците. Содржините се однесуваа на правилна исхрана, квалитет на храна, пирамида на исхрана, упатства за користење здрава храна, влијание на храната врз здравјето и сл.

### 4.3 Советодавна помош на учениците за понатамошно образование на учениците

Училиштето има Програма за професионална ориентација на учениците. Стручниот соработник –педагог и наставниците во училиштето се грижат за давање помош при изборот за понатамошно образование. Во соработка со средните приватни и државни

училишта од полошкиот регион   во училиштето се изведуваат презентации, или пак се поканууваат на отворените денови кои ги организираат училиштата  Со учениците кои имаат емоционални проблеми во континуитет се разговара со нив и нивните родители, при што советодавно се делува на учениците и на родителите. Училиштето нема пропишани процедури за навремено откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми.  Педагогот   се јавува во улога на советодавен орган за оние родители кои имаат потешкотии со однесувањето на своите деца или пак чуствуваат немоќ во воспитното делување, соодветениот авторитет или пак не поседуваат доволно капацитет и знаење да се справат со одредени проблеми.

### 4.4 Следење на напредокот

Класните раководители и наставниците водат уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението за секој ученик посебно и за пралелката како целина. Наставниот кадар уредно и континуирано води е-дневник. Класните  раководители постигнувањата на учениците  ги евидентираат во е-дневникот на паралелката , евидентни листови, и главните книги. Постои добра соработка помеѓу класните раководители, стручниот соработник –педог   и директорот на училиштето.  Во мал  број на случаи  интересот на родителите за постигањата учениците не  е на  задоволително ниво. Во училиштето постојат тромесечни, полугодишни и годишни извештаи за успехот и поведението на учениците. Извештаите се достапни на увид на стручните соработници, директорот на училиштето, наставниот кадар во училиштето, родителите и  учениците и истите се користат за подобрување на успехот на учениците.

Преминувањето на учениците во друго училиште е во согласност со законските прописи. Училиштето применува законски постапки со договорни процедури  и има податоци за учениците кои доаѓаат од  друго училиште.

## 5. УЧИЛИШНА КЛИМА

### 5.1 Училишна клима и односи во училиштето

Општинското основно  училиште ”Сами Фрашери” с.Пирок, се залага за зголемување на грижата за здравјето и безбедноста на учениците, за негување на родовата еднаквост и мултикултурализмот, го поттикнува учеството на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Наставниот кадар ужива респект кај родителите. Вработените, учениците и родителите се идентификуваат со училиштето, посветени се на целите, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него.

Училиштето е со изграден углед и имиџ. Имиџот се гради преку квалитетот на работа, постигањата на учениците во различни области, како и освоените награди на општинско, регионално и на државно ниво. Училиштето има сопствена визија и мисија и истите се на добар пат за нивно исполнување

Училиштето има Кодекс на однесување во кој се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето. Во неговата изработка учествувале сите структури, а при негово усвојување е спроведена демократска процедура со учество на сите структури, на кои се однесуваат принципите и правилата на однесување. Училиштето има пропишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со Кодексот на однесување и таквите процедури доследно се спроведуваат во пракса.

Училиштето води политика на взаемно почитување и рамноправност на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Во училиштето, постои професионална соработка меѓу вработените.Раководниот и наставничкиот кадар, играат клучна улога во одржување на постојано поттикнувачка атмосфера во училиштето, што се гледа од нивното

однесување со учениците,другите вработени,родителите и посетителите на училиштето.Наставниците се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, како и за создавање на пријатна атмосфера за работа за време на наставата и воннаставните активности. Дисциплината на вработените и учениците е добра. Правилникот за изрекување педагошки мерки, соодветно се применува.
Учениците и вработените ги почитуваат демократски усвоените правила на однесување на училиштето. Постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности, а вработените постојано се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите и нивното заминување од училиштето. Учениците се совесни и учтиво се однесуваат и соработуваат меѓусебно и со наставниот кадар. Вработените се позитивен пример за учениците, кои авторитетно и со внимание се справуваат со проблемите што се однесуваат на дисциплината и редовноста, поради што се подобрува квалитетот на поучувањето и учењето во наставата. Училиштето го почитува принципот на демократско учество на учениците и има демократски формирана ученичкки парламент кој учествува, но не доволно, во донесувањето на одлуки за прашања што се од непосреден интерес на учениците. Ученичкиот парламент во реализација на својата програма, добива поддршка од училиштето. Учениците навреме и целосно се информирани за сите работи што се од нивен интерес. Училиштето нема партнер училиште за реализирање на проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието.

Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците, ги негува родовата и етничката припадност и има еднаков третман на учениците со различни способности. Наставниот кадар ужива респект кај родителите. Вработените, учениците и родителите се идентификуваат со училиштето,посветени се на целите, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него.

### 5.2 Промовирање на постигањата

Училиштето ги промовира личните постигањата на учениците, преку доделување награди и пофалници на патрониот празник и други јавни манифестации на кои земаат учество родители, донатори и други училишта.

Наставниците ја согледуваат суштината на пофалувањето, како начин на мотивирање на учениците за постигнување подобри резултати во учењето. Училиштето нема изготвено правилник за избор на ученик на генерација со критериуми за избор. Училиштето на крајот од учебната година, на Наставнички совет, на предлог од страна на класните раководители, прогласува и наградува учениик на генерација кои во текот на школувањето се истакнал со учество на натпревари и има освоено награди .

Училиштето води политика на поттикнување на наставниот кадар и учениците да учествуваат и постигнуваат успех на натпревари на ниво на локална заедница и пошироко. Учениците учествуваат на организирани манифестации, проекти и натпреварувања. Училиштето има воспоставен систем за континуирано информирање и промовирање на реализираните еколошки активности.

### 5.3 Еднаквост и правичност

Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на ученикот. Училиштето се грижи за остварување на целите од наставните програми што се поврзани со Конвенцијата за правата на децата.Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување.

Во училиштето, подеднакво се третираат сите ученици без разлика на полот, етничките и интелектуалните разлики. Училиштето ги промовира еднаквоста и

правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и има механизми со кои обезбедува нивно почитување, во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот. Училиштето ги вреднува и промовира родовата, етничката, верската и јазичната разновидност во заедницата. Учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници.

### 5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Училиштето презема бројни активности за да ги поттикне родителите да се вклучат во подобрување на работа на училиштето на сите нивоа. Од разговори водени во училиштето, со наставниците и членовите на Училишниот одбор и членовите на Советот на родители, се доби впечаток дека вклученоста на родителите во животот на училиштето е добра. Училиштето користи ефективни методи за комуникација со родителите, преку организирање индивидуални родителски средби .Училиштето со својата работа ги поттикнува родителите да се вклучат во теми, како што се советување на родителите, заедничко организирање на патронен празник и изведување на ученички екскурзии и други вонаставни активности. Комуникацијата со родителите во училиштето се остварува секојдневно. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето и нивото на постигањата на учениците се јасни, разбирливи и достапни на сите родители. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето.

Училиштето е активно вклучено во животот на локалната заедница, преку спроведување на заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата.Има примери за остварена соработка на училиштето со деловната заедница и добра соработка со невладиниот сектор.

# 6. РЕСУРСИ

## 6.1 Сместување и просторни капацитети

Дејноста на училиштето се реализира во сопствен училишен објект со со бруто површина од 24595 м2,вкупно користен училишен простор од 2071 м²,училишен двор,градина ,три спортски терени.Училиштето раполага со 15 училници 3 кабинети (по информатика,хемија и биологија) административни простории,училишна библиотека .

Училиштето располага со 18 персонални комјутери за наставниците и администрацијата,4 персонални лаптипи,25 лаптоп за учениците со едубундо програмата,принтери 18,проектори 13,касетофони,спорски рекуизити,географски и хисториски карти.

Секоја училница е обеззбедено со компјутер и принтер.

Училишниот објект е добро одржан и во континуитет се реновирана.

Училишната зграда и простор се пристапни за сите.

Големината на училниците соодветствува на бројот на учениците во паралелките.

Вкупниот простор во кој се реализира наставата ги задоволуваат условите според нормативот за простор. Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности, со што ги задоволува потребитена учениците.

Училиштето последните две години има реализирано многу проекти.Заслужува да се потецират следните проеки:афалтирање на училишниот двор со вкупна површина од 1200 м2,уредевуање на паркингот со бегатон плочки со вкупна површина од 800м2,градење на потпорниот ѕид во должина од 30 м и висина од 2 м,хортикултурно уредување на училишниот двор,удукативни игри во училишниот двор,мултифункционален спортски терен и многу други проекти кои се почетна фаза.

Училишниот објект е приклучен на електрична и водоводна мрежа.

Хигиената и просторните капацитети во училиштата е добра.

## 6.2 Наставни средства и материјали

Наставно нагледни стредства, други училишни материали и спортски реквизити со кои располага училиштето,задоволуваат. Училиштето има план за обезбедување на нагледни средства но,секоја година планот за набавка на наставните средства делумно останува неисполнет,поради лимитираните финансиски можности на училиштето и на основачот на училиштето. За секоја година училиштето ја планира набавката на основниот потрошен материјал. Училишната библиотека се наоѓа во посебна мала просторија истата е добро е уредена , во која е задолжен едно лице како библиотекар, со работно време од 8 до 16 часот кое ги задоволува потребите на учениците.Училиштето има програма за работа на библиотеката.Има јасен преглед на насловите од лектири и стручна литература располага со фонд од лектири 1757 од кои 1179 со настава на албански јазик и 578 со настава на макеоднски јазик.Стручна литература со фонд од 223 примероци и други книги од различен жанр (енциклопедии, лектирни изданија, стручна литература и др.).Книгите и списанијата се на албански,македонски и англиски јазик. Во

библиотеката има компјутер со пристап до интернет. За насловите на книги во библиотеката се води електронска евиденција.

### 6.3 Обезбедување на потребен наставен кадар

Наставниот процес во училиштето го реализираат 34 наставници од кои 8 мажи и 27 жени. Во раководниот тим покрај директорот има еден педагог , библиотекар и секретар-благајник.Со високо оразование се 29 додека 4 се со вишо образование и 2 наставници се со завршен магистерски студии.Сите наставници се со содветно образование.Во случаи на пократко или подолго отсуство на наставниот кадар, училиштето има механизми за брза и соодветна замена на истите. Вработените го почитуваат работното време. Остварувањето на работните должности на наставниците и другите работници се следи од страна на директорот и стручната служба. Наставен кадар со вкупен работен стаж од 0-10 години има 5 наставници,од 11до 20 години 14 наставници,од 21 до 30 години 11 наставници над 31 година 5 наставници.По етничка припадност 34 наставници се албанци еден наставник е бошњак.

Се вршаат напори од училиштето со вклучување на наставниците кои се вработени во овој колектив за стекнување на способности и знаење преку посета на семинари, обуки и сл. за работа на деца со посебни образовни потреби .За двајца ученици со посебни образовни потреби има обезбедено двајца образовни асистенти. Наставниците се доста активно вклучени во работата на стручни активи и делуваат како еден тим при решавање на предвидените цели. Училиштето има стручен соработник-педагог, кои им помагаат на наставниците во организација на наставата, следење на напредокот на учениците, справување со проблемите и давање на соодветна помош на учениците.

### 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Развојните потреби на наставниот кадар редовно ги следи стручниот соработник-педагогот на училиштето. Посетата на часови од страна на директорот и стручните соработници, како и увид во планирањата се врши по одредено планирање и динамика. Стручната подршка на директорот и стручниот соработник што го добиваат наставниците низ нивната работа,е од професионален развој и од административен карактер отколку за професионален развој. Работата на наставниците, нивните досегашни обуки и семинари, како и потреби за стручно усовршување се следи од страна на стручниот соработник.Потребно е да се идентификуваат реалните потреби на наставниците за нивниот професионбален развој со определување на приоритетите за нивниот стручен развој. Потребно е повеќе од досега да се обезбедува стручна подршка во планирањата и реализацијата на работата на наставниците во тие паралелки каде има инклузија на ученици со попсебни образовни потреби.

Обуките на наставниците уредно се евидентираат во педагошките досиеја на наставниците и стручните соработници. Работата на наставниците-приправници треба по сериозно да се следи од страна на определените ментори.

### 6.5 Финансиско работење во училиштето

Постапките за финансиско работење, што ги спроведува училиштето, се во согласност со законските норми. Раководниот кадар ги знае и ги разбира механизмите што може да ги користи за стекнување дополнителни финансиски средства. Училишниот одбор редовно го следи наменскотот рошење на буџетот со цел да има увид во потрошените финансиски средства. Одговорните лица редовно дискутираат за информации поврзани со ресурсите и преку одлуките што ги носат обезбедуваат економичност,ефикасност и правичност во распределувањето на финансиските средства.Раководниот кадар ги консултира сите вработени, кога тоа е потребно и на соодветно ниво на деталност. Буџетските приоритети се тесно поврзани и ги отсликуваат приоритетите и образовните цели на училиштето, предвидувајќи и финансиски средства за еколошки активности, како и за реализација на активностите предвидени во програмата на училишната заедница.

Буџетот се користи наменски и за креативни целишто се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина.

# 7. Управување, раководење и креирање политика

## 7.1 Управување/раководење со училиштето

Училишен одбор е составен од 7 члена-сите уредно делегирани и истиот е конституиран согласно Законот за основно образование и Статутот на училиштето. Работи според деловник за работа и програма за работа.Состаноците на Училишниот одбор се одржуваат редовно,со однапред утврден дневен ред и доставени материјали за седница.

Во својата работа Училишниот одбор применува начело на транспарентност, редовно ги запознава другите субјекти,вклучени во образовниот процес во училиштето и поширокaта средина .

Кординацијата и соработката на Училишниот одбор со раководниот орган и другите образовни структури на училиштето,е добра. За дел од членовите на Училишниот одбор потребно е училиштето да обезбеди обука, со цел поефикасно работење на истиот.

Работата на училиштето го организира,следи и координира директорот кој,како работоводен орган има воспоставен професионален однос кон работата и поседува долгогодишно работно искуство и професионални квлитети врз основа на кои постигнува објективно да ги оцени квалитетите на вработените. Своето раководење го заснива на тимска работа во кои се вклучени и наставниците и стручните соработници.Приоритети за директорот се постигањата на учениците и подобрувањето на условите за работа .

Раководниот орган на училиштето воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и во поширoката заедница.Своето работење го заснова врз тимска работа преку вклучување на вработените во процесот на развој на политики,планирање и обезбедување квалитет.Во контиунитет го поддржува реализирањето на еколошките содржини и спроведува училишни политики во кои се афирмира инклузивноста на училиштето и меѓуетничката интеграција вообразованието.

## 7.2 Цели и креирање на училишната политика

Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и на локалната образовна политика.Целите се јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата,овозможуваат професионален развој на наставниците и унапредување на постигањатана сите ученици. Вработените, родителите и учениците учествуваат во креирањетона целите, начелата и вредностите на училиштето и се запознаени со начинот на нивно остварувањеи подобрување.

Училиштето ги мобилизира сите релевантни субјекти (наставниците,учениците, локалната заедница) да работат на остварување на целите. Училиштето соработува со соодветни институции за остварување на целите.Постигнатите цели имаат позитивновлијание врз работата на училиштето.

Училиштето континуирано ги подобрува политиките во училиштето за меѓуетничка интеграција, намалување на насилството во училиштата, намалување на семејното насилство, недискриминација, еднаков пристап до квалитетно образование за сите, инклузивност,еколошко образование итн. Вработените активно учествуваат во креирањето и подобрувањето на политиките, како и за активностите за нивно остварување. При креирањето на политиките училиштетои зема предвид и мислењата на родителите и на учениците.

# НАОДИ И ПРЕПОРАКИ

### Силни страни

- Оптимално користење на просторните капацитети на училиштето од сите вработени;
- Училиштетето изготвува извештаи за постигањата на учениците и презема мерки за подобрување на постигањата;
- Во Годишните планирања наставниците имаат планирано содржини со кои се третира мултикултуралната сензитивност најчесто во општествените предмети;
- Наставниците добиваат професионална подршка од стручнатата служба во однос на планирањето и реализација на наставата;
- Планирање на активности за ученици со потешкотии во учењето,ангажирани образовни асистенти;
- Учениците навремено се информираат за својот напредок;
- Тимска работа на Раководниот орган преку вклучување на вработените во процесот на развој, планирање и обезбедување квалитет.
- При креирањето на политиките училиштетои се зема предвид и мислењата на родителите и на учениците;
- Реализација голем број на инфрастуктурни проекти.

### Слаби страни

- Недоволна опременост со наставни нагледни средства, не снабденост со потребните учебници, како и немање на доволен број на лектири и помошна литература во училишната библиотека;
- Не е воспоставен систем на идентификување на потребите на наставниците за професионален развој;

## Препораки

- **Училиштето да изготви програма со цел на опременост со наставни нагледни средства, на лектири и помошна литература во училишната библиотека;**
- **Училиштето да изготви програма за идентификување на потребите на наставниците за професионален развој;**

Џелал Беџети – Раководител на инспекцискиот тим
Државен просветен инспектор

___________________________________

Климентина Трпчевска:
- Државен просветен инспектор

___________________________________

Јелена Деспениќ-Кировска член на тимот;
-Државен просветен инспектор

___________________________________